Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e Transformimit dixhital
Бр. - Nr 09-1670/3
28.07.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

| Република Северна Македонија<br>Министерство за дигитална трансформација | ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОТКУП | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на документ** | ИМС.ССП.03 | | **Ревизија** | 01 | |
| **Тип на документ** | ПОЛИТИКА | | **Дата на усвојување** | | |
| **Класификација** | | | за внатрешна употреба | | |
| **Оригинал** | X | Контролирана копија | | Информационен | |

# ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОТКУП

| | Изработил: | Контролирал: | **Одобрил:** |
|---|---|---|---|
| Име | Марјан Патлиџанковски | Гордана Клинчарова | **Стефан Андоновски** |
| Потпис | | | |
| Раб. место | Раководител на сектор за дигитални вештини и иновации | Државен секретар | **Министер за дигитална трансформација** |
| Дата | | | |

**Тековна верзија на документот:**

| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
|---|---|---|---|
| | | | |

**Регистрирање на претходните промени во документот:**

| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Министерството за дигитална трансформација како клучна институција за унапредување на дигиталната трансформација на Република Северна Македонија, ја препознава борбата против корупцијата како суштински елемент на доброто владеење и јавната доверба.

Како институција која развива и имплементира дигитални решенија и е-услуги, ние ја третираме дигитализацијата не само како технолошка иновација, туку како механизам за јакнење на интегритетот, транспарентноста и отчетноста.

Оваа Политика за спречување на поткуп претставува составен дел од воспоставувањето и имплементацијата на Системот за спречување на поткуп (ССП), заснован на меѓународниот стандард ISO 37001:2025, и ја одразува нашата институционална посветеност на систематско, структурирано и проверливо управување со ризиците од корупција.

Како институција која управува со значајни процеси на дигитализација и јавни ресурси, свесни сме дека нашите активности носат зголемени ризици од концентрација на овластувања и средства. Затоа, воспоставуваме структуриран пристап кој обезбедува:

- систематска проценка на ризици од поткуп;
- планирање и имплементација на соодветни контроли;
- управување со инциденти и неусогласености;
- континуирано подобрување на системот;
- воведување на политики и процедури кои се пропорционални на ризиците, интегрирани во сите организациски процеси и подложни на редовен мониторинг и оценка
- спроведување на длабинска анализа (*due diligence*) на трети страни и деловни партнери пропорционално на нивото на ризик од поткуп

За да ја оствариме оваа мисија, угледот е клучен за нас. Затоа, се обврзуваме да одржуваме транспарентна и доверлива институционална средина во согласност со највисоките етички стандарди, да градиме култура која ги отфрла поткупот и корупцијата, да промовираме вредности како интегритет, транспарентност и чесност, како и да обезбедиме доследно почитување на сите релевантни закони, регулаторни и договорни барања.

Нашето раководство демонстрира активно лидерство и посветеност во воспоставувањето, примената и подобрувањето на системот за спречување на поткуп.

Практикуваме и промовираме нулта толеранција кон поткуп и коруптивни активности во однос на сите наши вработени, јавни функционери и деловни

партнери. Секое директно или индиректно давање, нудење, барање или прифаќање на поткуп е строго забрането. Во случај на прекршување на оваа политика, ќе преземеме соодветни дисциплински, управни и правни мерки, вклучително и раскинување на договори и покренување постапки согласно закон.
Ги охрабруваме сите вработени, партнери и други засегнати страни да пријавуваат сомнежи за неправилности или коруптивни активности без страв од одмазда. Обезбедуваме безбедни и доверливи механизми за пријавување и гарантираме заштита на укажувачите, во согласност со важечките прописи. Со цел да се обезбеди заштита на секој укажувач, ќе воспоставиме и ефективно ќе применуваме безбеден и доверлив анонимен дигитален канал за пријавување на неправилности, или посебно сандаче со клуч.
Воспоставуваме, применуваме и континуирано унапредуваме јасно дефинирани политики и процедури за спречување и управување со ризиците од корупција, вклучително и политики за управување со судир на интереси, правила за прием и давање подароци и гостопримство, како и систем на финансиски и нефинансиски контроли, кои се воспоставени и одржувани како документирана информација, достапна и контролирана, по можност во електронска форма.
Обезбедуваме воспоставување на ефикасен систем на внатрешна ревизија за независно и објективно оценување на законитоста, ефикасноста и економичноста на работењето, како и усогласеноста со прописите и воспоставените системи на управување, вклучувајќи и усогласеноста на мерките за спречување на поткуп и корупција како и навремено идентификување и корекција на евентуалните неусогласености.
Се обврзуваме редовно да ја следиме, оценуваме и подобруваме оваа политика и ССП системот. За таа цел, воспоставуваме независна функција за усогласеност со антикорупциските правила, со соодветни овластувања и ресурси, како и организациска структура за ефикасно спроведување на стратешко, тактичко и оперативно ниво. Ја преземаме одговорноста секоја повреда на системот да биде темелно истражена и во случај на повреда да бидат изречени неселективни мерки.

Нашите цели во областа на спречување на поткуп се:

1. Да се позиционираме како водечка институција во јавниот сектор во примената на стандарди за спречување на поткуп;
2. Да го зајакнеме институционалниот интегритет и довербата преку доследна и системска примена и подобрување на антикорупциските политики.

Свесни сме дека ниту еден систем не може целосно да ја елиминира корупцијата, но преку имплементација на ССП и оваа политика демонстрираме јасна и

недвосмислена посветеност кон спречување на поткупот и унапредување на интегритетот.

Со ваков пристап, се стремиме да изградиме институционална култура заснована на нулта толеранција кон корупција и да придонесеме кон создавање модерна, транспарентна и доверлива јавна администрација.